INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 13/2026
27-01 2026 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

за избор во насловно звање научен соработник/доцент во Институтот за општествени и хуманистички науки

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на својата редовна седница одржана на 26.01.2026 именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор во насловно звање научен соработник/доцент по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Марија Василевска Кузмановска
2. Преглед и оцена на научно-истражувачката дејност
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во насловно звање научен соработник (еквивалент – доцент) по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Комисијата во состав: проф.д-р Марјан Бојаџиев, д-р Вера Димитриевска и проф.д-р Викторија Боровска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *Биографски податоци*

Д-р Марија Василевска Кузмановска (1990) се стекнува со степен на образование доктор на науки на Универзитет Американ Колеџ Скопје во 2025 година по одбраната на докторската теза на тема со наслов „Улогата на високото образование во социо-економскиот развој: креирање модел на успех за мерење и обезбедување на ефективноста на високото образование и неговиот придонес кон социо-економскиот развој".

Кандидатката го започнала своето високо образование на Правен факултет „Јустинијан Први" при УКИМ. Додипломските студии ги завршила во 2012 година и се стекнала со звањето дипломиран правник. Василевска Кузмановска го продолжила своето понатамошно учење на постдипломски студии на Правен факултет „Јустинијан Први" при УКИМ. Постдипломските студии успешно ги завршува во 2015 со одбрана на магистерската теза со наслов „Правните аспекти на финансиската стабилност во Република Македонија со посебен осврт на банкарскиот сектор" и се стекала со звање магистер по право од областа на финансово право и финансии.

Комисијата го анализираше придонесот на кандидатката во областа на образованието и менаџмент, со посебен фокус на оценување на придобивките од проектниот манаџемент, квалитет на проектниот менаџмент и на начините на работа, и развој на бизнис опкружувањето.



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

Кандидатката има повеќе од 15 години работно искуство во управување со развојни проекти и програми, соработувајќи со водечки меѓународни организации како UN Women, UNDP, USAID, ЕУ прекугранични програми, SIDA, DRC, SDC и други. Од 2022 година е вработена во Балканската Истражувачка Репортерска Регионална Мрежа (БИРН) каде што во овој момент работи на позиција Директор на програми, одговорна за развој на програми и проекти во областа на развој на медиуми, дигитални права, истражувачко новинарство и транзиционална правда во Југоисточна Европа. Експертизата на Марија опфаќа развој и интеграција на менаџмент процеси, воспоставување и менаџмент на системи мониторинг и евалуација (M&E) во институции вклучително и високо образовни институции, организации, медиуми и бизнис компании, стратешко планирање, внатрешна организација и проценка на влијанието, со цел зголемување на ефективноста на институциите. Во областа на бизнис и менаџмент има водено процеси на развој, проценка на влијание и имплементација на квалитет во високо образовни институции насочени кон бизнис и менаџмент во Словенија, Турција, Косово, Србија, Ирска, Исланд, Италија, Естонија и Литванија и други земји. Дополнително на ова, од своите додипломски студии работи како експерт за квалитет во високо образование според Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area (Европски стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование) во чиј развој има учествувано. Во текот на последните 5 години кандидатката активно работи со сите приватни и државни Универзитети во Република Косово преку евалуација на нивната работа, нивните студиски програми предлагајќи начини како да се подобри нивната работа. Таа исто така го има оценувано квалитетот на интернационални проекти, програми и планови за развој. Дополнително, има спроведено бројни надворешни евалуации на проекти, програми и национални и регионални стратегии, вклучително: Националната стратегија за МСП (2014-2020), Националната стратегија за претприемачко учење (2014-2020), Евалуација на стратегијата за рамномерен регионален развој (2009-2019), Евалуација на стратешката рамка за воведување на медиумска писменост во образованието преку Проектот на УСАИД за медиумска писменост и „South East Europe 2030 Strategy" – регионална развојна визија за Југоисточна Европа, усогласена со UN Agenda 2030 и Целите за одржлив развој (SDGs), како и со ЕУ политики (Зелениот договор, дигитална транзиција, човечки капитал). Кандидатката дополнително има учествувано и менаџирано низа на истражувања за развој на е-претприемништво.

Преку академските достигнувања, публикации и активно учество во истражувачки и развојни проекти, таа има значаен придонес во академската заедница и во областа на квалитетот во високо образованието, проект менаџмент, мониторинг и евалуација како начин на подобрување на квалитетот на работа на институции и компании.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Марија Василевска Кузмановска ги има објавено следниве научни трудови:

Vasilevska, M. (2024). Towards development of a new higher education institution ranking model that established a meaningful linkage between higher education and economic development - International Journal , 62 (2), 205–210. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/6580/6387

M... a Vasilevska; Ana Tomovska Misoska (2024): The role of the quality higher education institutions for higher economic development: The need for new model for measuring the quality of higher education institutions- XIX International May Conference on Strategic Management – IMCSM24 Proceedings. Retrived from https://www.researchgate.net/publication/380961093_The_role_of_the_quality_higher_education_institutions_for_higher_economic_development_The_need_for_new_model_for_measuring_the_quality_of_higher_education_institutions

Kovacevic, Iordache and Vasilevska (2024). Evaluation report for Institutional Re-accreditation Procedure ar Faculty of Islamic Studies. Retrieved from https://backend.deqar.eu/reports/KAA/20251020_1343-FR_FIS__Institutional.pdf

Gudachi, V., & Vasilevska, M. (2025). IMPACT OF DATA-DRIVEN PROJECT EVALUATION - CASE STUDY: MID-TERM EVALUATION PROJECT. KNOWLEDGE - International Journal, 69(1), 218–220. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7224

Gudachi, V., & Vasilevska, M. (2024). CHALLENGES IN EVALUATION PRACTICE DURING COVID-19 AND ITS ADAPTIVE METHODS. THE CASE OF MEDIA LITERACY PROJECT IN PERFORMING IMPACT EVALUATION. KNOWLEDGE - *International Journal*, 65(2), 213–216. Retrieved from https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/6916

Giorbelidze, M., Crescente, J., Vasilevska, M. & Gudachi, V. (2024) USAID MEDIA LITERACY AND RESILIENCE TO DISINFORMATION REPORT", MSI

Ajanovic, A., Zeqiri, D., Gudachi, G., Murati, G. Vasilevska, M. Todorovska, M. Djuric, M. & Gudachi, V. (2024) 1ST INTERIM MONITORING REPORT OF NATIONAL IN BALKAN REGION (SERBIA, KOSOVO, NORTH MACEDONIA, BOSNIA AND HERZEGOVINA, MONTENEGRO AND ALBANIA) WITHIN THE PROJECT "INCLUSION OF FOREIGNERS IN WB – ACCESS TO SOCIAL AND ECONOMIC RIGHTS (FOSTER)", Grant Contract IPA/2022/441-425, I 0802-179/1 implemented by the Danish Refugee Council Serbia

Ajanovic, A., Zeqiri, D., Gudachi, G., Murati, G. Vasilevska, M. Todorovska, M. Djuric, M. & Gudachi, V. (2024) 2ND INTERIM EVALUATION REPORT OF NATIONAL IN BALKAN REGION (SERBIA, KOSOVO, NORTH MACEDONIA, BOSNIA AND HERZEGOVINA, MONTENEGRO AND ALBANIA) WITHIN THE PROJECT "INCLUSION OF FOREIGNERS IN WB – ACCESS TO SOCIAL AND ECONOMIC RIGHTS (FOSTER)", Grant Contract IPA/2022/441-425, I 0802-179/1 implemented by the Danish Refugee Council Serbia.

Gudachi, V., Alcheva,L., Carovska, M., Vasilevska, M. & Bela-Veseli, Z. (2023) FINAL EVALUATION OF THE EU FUNDED PROJECT "GETTING A LIFE" - DEINSTITUTIONALISATION OF RESIDENTS OF DEMIR KAPIJA INSTITUTION, People in Need, February 2023 https://westernbalkans.peopleinneed.net/media/publications/2016/file/final-report_getting-a-life--north-macedonia--2023_eng.pdf

Gudachi, V. & Vasilevska, M. (2023) EVALUATION OF THE NATIONAL STRATEGY FOR SMES (2018-2023) OF NORTH MACEDONIA, financed by EU and implemented by the Nacional Youth Council of Macedonia.

Gudachi, V. & Vasilevska, M. (2023) EVALUATION OF THE NATIONAL STRATEGY FOR YOUTH ENTREPRENEURSHIP (2014-2020), financed by EU and implemented by the Nacional Youth Council of Macedonia.



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

Gudachi, V. & Vasilevska, M. (2023) EXTERNAL EVALUATION OF THE ROLE OF THE SECRETARY GENERAL (SC) AT ORGANIZING BUREAU OF EUROPEAN SCHOOL STUDENT UNIONS - (OBESSU), financed by the EU and implemented by OBESSU. https://www.obessu.org/about/structure/secretariat/

Gudachi, V. & Vasilevska, M. (2023) REVISION OF THE CURRENT STRATEGY AND PREPARATION OF THE NEW STRATEGY (2023-2030) FOR COALITION FOR CLIME "KOALICIJA ZA KLIMA", in North Macedonia, https://klimatskaakcija.mk/?page_id=220

Gudachi, V. & Vasilevska, M. (2022) ASSESSMENT OF THE CURRENT STRATEGY AND DEVELOPMENT OF THE MID-TERM STRATEGY (2022-2027) of the organization Health Education and Research Association (HERA), North Macedonia, https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/hera-strategija2023-2028.pdf

Vasilevska, M. & Gudachi, V. (2022) Opportunities for applying the Virtual Collaborative Learning in Higher Education in North Macedonia, Virtual Albanian European Universities eXchange (VALEU-X) Conference November 2022 https://www.uni-med.net/event-news/valeu-x-conference/

Chemerska, R., Babovic, M. Gudachi, V & Vasilevska, M. (2022) MID TERM EVALUATION OF ADA PROJECT "Paper Trail for Better Governance III", BIRN

Alcheva, L. Danilov, V. Vasilevska, V & Gudachi, V. (2021) CASE STUDY ON COMPATIBILITY ON SDGS' INDICATORS WITH NATIONAL POLICY DOCUMENTS, Macedonian Evaluation Network, https://tinyurl.com/yc38pf29

Noren, Lenares, Smith, Vasilevska and Loukkola (2018) Self-assessment report, Institutional Evaluation Programme. Retrived https://eua-iep.org/wp-content/uploads/2025/07/IEP-self-assessment-report-2018.pdf?

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Марија Василевска Кузмановска, Комисијата констатира дека кандидатката покажува постојан стручен, научен и наставен развој и се оформува во квалитетен универзитетски наставник и научник. Нејзината научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за продлабочен системски пристап кон пошироката област, која се однесува на групата предмети за кои конкурира, од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Имајќи ја предвид севкупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оцени дека д-р Марија Василевска Кузмановска ги исполнува предвидените законски и други услови, поради што на Наставно-научниот совет му предлага д-р Марија Василевска Кузмановска да биде избрана во насловно звање научен соработник/доцент по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

д-р Марјан Бојаџиев, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседател

д-р Вера Димитриевска, научен соработник
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член

д-р Викторија Боровска, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk